Претходно донесената одлука од извршен одбор за привремена комисија за долгорочна стратегија и преговори со ФЗОМ која дури беше и во Списанието на СКМ VOX dentarii,

Исто така не се почитува и сакам јавно да кажам за да не дојди до забуна и колегите да мислат дека ние сме оделе на преговори и нисто не сме направиле , ЗА СИТЕ ДА ЗНААТ нас секаде не пишува како комисија за преговори со ФЗОМ но ние ниту еднаш не сме биле и не сме преговарале за ништо а воедно ни беше кажано дека нема ни да одиме.

Незнам зошто го наведувате член 39 од деловникот на собранието и која тоа одредба или одлука сум ја прекршила , но јас можам да ви набројам најмалку пет што вие ги прекршивте :

- Не свикавте седница кога побаравме од 3 региони согласно член 33 од деловникот за работа на собранието
- Го прекршивте член 40 од деловникот за работа на собранието

*Член 40*

Делегатот на Собранието има право да се јавува за збор и да расправа по секоја точка од дневниот ред.

Барањето збор по одредена точка од дневниот ред се добива од страна на Претседателот на Собранието по редослед на пријавување.

По добивањето на збор, делегатите може да зборуваат по правило на говорница или од местото на седење по нивен избор.

- Го прекршивте член 44 од деловникот за работа на собрание

*Член 44*

Секој делгат на Собранието има право во свое име да бара Собранието да постави во дневниот ред одредени прашања или предлог решенија кои се од интерес за докторите стоматолози.

Делегатот на Собранието кој што поднесува иницијатива или предлог од име на Регионалниот одбор од каде е избран или во свое име, должен е таквиот предлог да го достави до Претседателот на Собранието во писмена форма, најдоцна (5) пет дена пред седницата.

Претседателот на Собранието е должен таквиот предлог да го достави до Извршниот одбор и Претседателот на Комората и да бара тие да завземат став по конкретниот предлог или барање, односно да превземат мерки до колку оценат дали предлогот или барањето се оправдани.

Ако, делегатот на Собранието не е задоволен од ставот на Извршниот одбор и Претседателот на Комората, има право со поддршка од (20) дваесет делегати да бара од Претседателот на Собранието да отвори расправа на седницата на Собранието.

Претседателот на Собранието е должен да го стави на на гласање предлогот или барањето на делегатот.

- Не ви се потпишани одлуките кои се донесени на собрание за комисија за преговори со ФЗОМ прекршен член 49 од деловникот за работа на собрание

*Член 49*

Одлуките, ставовите, препораките, заклучоците, актите кои што ги донесува Собранието се задолжителни за сите органи и тела на Комората како и за секој член на Комората и се потпишуваат од страна на Претседателот на Собранието.

Додека пак врз основ 53 од етичкиот кодекс на комората на кој сте се повикале и гласи

Член 53

За докторот стоматолог е недостојно озборувањето, омаловажувањето, неоснована и лаички во јавноста искажана критика за колегата доктор и за соработниците или за претпоставените на различни нивоа.

Член 54

Се надевам дека и вие ќе бидите сведок во случајот  кој се надевам дека обвинителот по допрен глас  на ваше известување ќе отвори случај  пред судот на честа за колегата што ја навреди колешката на собраниската седница, а за која навреда и вие бевте информирани лично од навредената колешка.

Не ми е јасно само една работа, како тоа оценивте дека нашите заложби се „лична желба" кога ние сме избрани делегати на регуларни избори и го претставуваме нашиот регион.
Како легитимно избран делегат моја должноста и на сите избрани делегати е да ги пренесам барањата на мојот регион и да се борам за истите да се остварат, меѓутоа тоа ми беше оневозможено од ваша страна.  Веќе ги цитирав погоре членовите кои се однесуваат на ова .
Која е таа мала врата и сила која ја употребивме ќе ве замолам да ми објасните.???
Ако го сметате за сила деловничкото право и обврската да даваме предлог ресенија и да се дискутира по истите во собранието на СКМ, за кои не сакавте да свикате седница па мораше да збираме потписи за да прифатите  ... незнам што да кажам . Луѓето кои ќе го читаат ова нека судат за се .

Поради сите овие докази и факти кои ги набројав во најмала рака треба јавно да се извините и во иднина совесно да почните да работите по деловникот или да отстапите место на некој кој таа функција ќе ја извршува совесно.

Д-р Дафина Богеска